Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА КАДАР ВО ДЕЈНОСТА НА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА ВО РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА ВО 2025 ГОДИНА



Скопје, 2025

Ј.З.У. Институт за јавно здравје на
Република С. Македонија - Скопје

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА КАДАР ВО ДЕЈНОСТА НА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА ВО РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА ВО 2025 ГОДИНА

Скопје, 2025

**Издавач:** ЈЗУ - ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА
**Директор:** Науч.сор.д-р Марија Андоновска

**Стручна обработка:** Оддел за здравствена промоција и следење на болести

Раководител: М-р д-р Марко Младеновски, спец.

**Автор:** М-р д-р Лидушка Василеска, спец. прим.

**Уредник:** Науч.сор.д-р Марија Андоновска

**Техничка подготовка:**
Сузана Дунгевска
Борче Андоновски

# Содржина


Предговор: ........................................................................ 7

**1.** Вовед: ........................................................................ 8

2. СТОМАТОЛОШКИ ОРДИНАЦИИ НА ПРИМАРНО И СЕКУНДАРНО НИВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО РСМ ........................................................................ 11

**3.** ОБЕЗБЕДЕНОСТ СО СТОМАТОЛОШКИ КАДАР СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО 2025 ГОДИНА ........................................................................ 15

**3.** ЗАКЛУЧОЦИ: ........................................................................ **32**

ПРИЛОЗИ ........................................................................ 35

# Предговор:

Информацијата е изготвена согласно Националната годишна програма за јавно здравје во Република С. Македонија за 2025 година (Службен весник на РСМ, бр.30 од 12.02.2025 година) од страна на Одделот за здравствена промоција и следење на болести.

Цел на Информацијата е да се презентираат состојбите со обезбеденоста со доктори, специјалисти, вкупно и од одделни специјалистички гранки во стоматолошката здравствена дејност во Република С. Македонија во 2025 година.

Извор на податоци се податоците од Стоматолошка комора на Македонија за 2025 година, Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје и Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки, во однос на стоматолози/доктори по дентална медицина на специјализација.

Податоците се обработени табеларно и графички. Применет е дескриптивно аналитички метод на работа.

Институтот за јавно здравје искажува благодарност на институциите за соработката и добиените податоци, врз основа на кои е изготвена информацијата за моменталната состојба со кадарот во областа на денталната медицина.

# 1. Вовед:

Согласно член 17, алинеа 2 од став (1) од Законот за здравствената заштита, редакциски пречистен текст[1], со мрежата на здравствени установи се утврдуваат - кадровските, просторните и сместувачките капацитети за вршење на одделен вид здравствена дејност, односно специјалност.

Согласно член 28 „Здравствената дејност во мрежата, што ја обезбедува и организира Република С. Македонија, се состои од јавни здравствени установи и приватни здравствени установи, кои вршат здравствена дејност врз основа на лиценца (во натамошниот текст: носители на лиценца), во кои се врши здравствена дејност под еднакви услови и кои се вклучуваат во интегриран здравствен информатички систем согласно со прописите за евиденциите од областа на здравството“.

Во Содржина на здравствената дејност од Законот за здравствената заштита, член 26, алинеа 7 од став (1) здравствената дејност, во смисла на овој закон, опфаќа стоматолошка превентивна, куративна и протетичка дејност.

Согласно член 30, здравствена дејност на примарно ниво опфаќа:став (8) спречување, откривање и лекување на болести на устата и забите и спроведување на забно-протетичка рехабилитација; и став (14) итна медицинска и стоматолошка помош.

Според член 36, субјекти кои вршат здравствена дејност во мрежата на секундарно ниво:став (1) здравствената дејност во мрежата на секундарно ниво ја вршат ординациите и поликлиниките од специјалистичко-консултативната здравствена дејност, дијагностичката лабораторија, центрите, болниците, институтите и болниците за нега.

Согласно член 37, здравствената дејност на терциерно ниво опфаќа:

- вршење здравствени услуги кои бараат стручен, организациски и технолошки сложен и мултидисциплинарен здравствен третман;
- целосно и споредбено следење на развојот на одделни специјалности во државата и во други држави и изготвување на национални предлози за развој на одделни специјалности;

1 Редакциски пречистениот текст на Законот за здравствена заштита, ги опфаќа: основниот текст на Законот објавен во “Службен весник на РМ“ бр.43/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.145/12, Одлука од Уставниот суд наРепублика Македонија У. бр. 59-2002 од 24 април 2013 година „Службен весник на РМ“ бр. 65/13,Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.87/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр 164/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.39/14 ), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.43/14, Одлука на Уставниот суд наРепублика Македонија У. бр. 69/2012 од 11 јуни 2014 година „Службен весник на РМ“ бр. 101/14, Законот за изменување на Законот за здравствената заштита објавен во “Службен весник на РМ“ бр.132/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“бр.188/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.10/15) и Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита,објавен во “Службен весник на РМ“ бр.61/15, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

- подготовка врз основа за обликување на стручни упатства и национални предлози за развој на одделен вид здравствена дејност, односно здравствена специјалност и соработка при нивното спроведување,
- пренос на знаења и вештини од другите држави,
- пренос на знаења и вештини на здравствените установи на секундарно и примарно ниво,
- истражување и проверување на нови методи за спречување, откривање, лекување, здравствена нега и акушерска нега и медицинска рехабилитација на здравствените состојби и
- советување и помош за стручно-медицински прашања на здравствени установи на секундарно и примарно ниво, Министерството за здравство, коморите и Фондот за здравствено осигурување.

Во чл. 13 од Законот за здравствена заштита регулирано е и работењето на здравствени установи надвор од мрежата кои се приватни здравствени установи под услови утврдени со овој закон, но кои се финансираат од здравствени услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства.

Согласно Правилникот за простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи ( Сл. весник на РМ бр. 91 од 28.06.2013год.) во чл.11 **ординација на примарно ниво за општа стоматологија** предвиден е кадар во состав 1 доктор на стоматологија со положен стручен испит и со соодветна лиценца за работа и 1 здравствен работник со средно или вишо образование од областа на стоматологијата или со високо образование со стекнати 180 кредити според ЕКТС од областа на стоматологијата, односно медицината и со положен стручен испит.

Во чл. 12, за **ординација на секундарно ниво од областа на стоматологијата** предвиден е норматив од 1 стоматолог специјалист од одредена гранка на стоматологијата со соодветна лиценца за работа и 1 здравствен работник со средно или вишо образование од областа на стоматологијата или со високо образование со стекнати 180 кредити според ЕКТС од областа на стоматологијата, односно медицината и со положен стручен испит.

Во чл. 25 во рамки на **Здравствен дом** заради спроведување на итна стоматолошка помош и стоматолошка заштита на деца до 14 годишна возраст, предвиден е кадар од 1 специјалист од соодветна гранка на специјализација (на пр.детска и превентивна стоматологија) и соодветна лиценца за работа, и по 2 здравствени работници со завршено високо стручно образование во траење од 3 години , односно со високо образование со стекнати 180 ЕКТС кредити, или вишо, или средно образование со положен стручен испит од соодветната насока за секој доктор на медицина или специјалист.

Во чл. 46 се наведува дека нормативот за стручниот кадар за **Универзитетска клиника** е ист како за специјализирана болница, односно најмалку како за општа болница, додека во чл. 48 точка 4 за **Универзитетски клинички центар** се наведува дека тој обезбедува простор, опрема и стручен кадар за секоја клиника одделно предвидени со овој правилник за универзитетска клиника.

Според Уредбата за мрежата на здравствени установи (Сл. весник бр. 81 од 28 јуни 2012 година) се утврдува максималниот број на специјалисти. Во рамки на ПЗЗ треба да има тим од 1 избран стоматолог и 1 стоматолошка сестра на 1000 жители. На ниво на СЗЗ и ТЗЗ треба да има:

- 1 специјалист по максилофацијална хирургија на 200 000 жители
- 1 специјалист по стоматолошка протетика на 75 000 жители
- 1 специјалист по ортодонција на 8 000 жители
- 1 специјалист по орална хирургија на 100 000 жители
- 1 специјалист по ендодонција на 200 000 жители
- 1 специјалист по орална (дентална) патологија на 200 000 жители

Во 2012 година според Уредбата, состојбата со специјалистички стоматолошки кадар по 5 одделни гранки  и максималниот број на тимови во мрежата е прикажана на следната табела:

| Дејност | | Вкупно | Пелаг. | Вардар | СИ | ЈЗ | Скопски | ЈИ | Полошки | Источен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стоматолошка протетика | Макс.бр.-М | 27 | 3 | 2 | 2 | 3 | 8 | 2 | 4 | 3 |
| | Актуелен бр.-А | 74 | 8 | 7 | 1 | 5 | 35 | 4 | 5 | 9 |
| Ортодонција | М | 259 | 29 | 17 | 22 | 28 | 77 | 22 | 39 | 25 |
| | А | 73 | 10 | 6 | 3 | 6 | 21 | 5 | 12 | 10 |
| Орална хирургија | М | 20 | 2 | 1 | 2 | 2 | 6 | 2 | 3 | 2 |
| | А | 40 | 2 | 2 | 3 | 5 | 11 | 4 | 10 | 3 |
| Дентална патологија | М | 11 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 |
| | А | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Максилоф. хирургија | М | 11 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 |
| | А | 10 | 5 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 |
| Вкупно | М | 328 | 36 | 22 | 28 | 35 | 97 | 28 | 50 | 32 |
| | А | 197 | 25 | 15 | 7 | 16 | 68 | 13 | 29 | 24 |

Согласно податоците од Мрежата од 2012 година за кадар од стоматолошката дејност дадени се само 5 специјалности од кои дентална патологија не постои како специјалност. Специјалноста ендононција дадена во мрежата сега е со друг назив и тоа ендодонција и реставративна стоматологија. Детска и превентивна стоматологија, парадонтологија и орална медицина не постојат во Уредбата и за нив не се дадени нормативи.

# 2. СТОМАТОЛОШКИ ОРДИНАЦИИ НА ПРИМАРНО И СЕКУНДАРНО НИВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО РСМ

Стоматолошката дејност на ниво на примарна здравствена заштита во јавни здравствени установи во Република С. Македонија се спроведува во состав на здравствените домови како детска и превентивна стоматологија и матични стоматолози, а терциерната здравствена заштита се спроведува во Универзитетскиот стоматолошки клинички центар - Скопје и Клиниката за максилофацијална хирургија. Секундарната стоматолошка здравствена заштита (специјалистичко - консултативната дејност) се спроведува во рамки на приватниот сектор. На ниво на РСМ, во 2025 година, по градови според ФЗОРСМ во мрежа евидентирани се 1188 ординации (1207 во 2023) од кои 942 општи (1010 во 2023) и 246 специјалистички (197 во 2023).

Во Скопје се регистрирани најмногу ординации и тоа 360, (349 во 2023, 332 во 2022) од кои 271 општи (273 во 2023) и 89 специјалистички (76 во 2023). Потоа се Тетово со 97 ординации од кои 78 општи и 19 специјалистички, Битола со 72 ординации од кои 58 општи и 14 специјалистички, Гостивар со 69 ординации од кои 51 општи и 18 специјалистички, Куманово со 67 ординации од кои 57 општи и 10 специјалистички. Најмала застапеност на ординации има во градовите Демир Капија со 1 ординација, Македонска Каменица, Македонски Брод и Крушево со по 2, Богданци, Пехчево, Демир Хисар и Кратово со по 3 ординации. (Табела 1.)

Вкупниот број на ординации споредбено со 2023 година, во 2025 е намален, (1207 во 2023, 1188 во 2025). Бројот на општите ординации по дентална медицина во 2025 се намалува во однос на 2023, (1010 во 2023, 942 во 2025), а бројот на специјалистички ординации е зголемен, (197 во 2023, 246 во 2025).

**Табела 1. Стоматолошки ординации на ниво на Република С. Македонија во 2025**

| СТОМАТОЛОШКИ ОРДИНАЦИИ НА НИВО НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА (ПЗУ) ноември 2025 - ФЗОРСМ | | | |
|---|---|---|---|
| Град | Во Мрежа (ФЗОРСМ) | | |
| | Вкупно ординации | Општи | Специјалистички |
| Берово | 8 | 8 | 0 |
| Битола | 72 | 58 | 14 |
| Богданци | 3 | 3 | 0 |
| Валандово | 7 | 6 | 1 |
| Велес | 40 | 32 | 8 |
| Виница | 7 | 6 | 1 |
| Гевгелија | 21 | 18 | 3 |

| СТОМАТОЛОШКИ ОРДИНАЦИИ НА НИВО НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА (ПЗУ) ноември 2025 - ФЗОРСМ | | | |
|---|---|---|---|
| Град | Во Мрежа (ФЗОРСМ) | | |
| | Вкупно ординации | Општи | Специјалистички |
| Гостивар | 69 | 51 | 18 |
| Дебар | 14 | 14 | 0 |
| Делчево | 14 | 12 | 2 |
| Демир Капија | 1 | 1 | 0 |
| Демир Хисар | 3 | 2 | 1 |
| Дојран | 4 | 3 | 1 |
| Кавадарци | 36 | 26 | 10 |
| Кичево | 34 | 28 | 6 |
| Кочани | 28 | 24 | 4 |
| Кратово | 3 | 3 | 0 |
| Крива Паланка | 4 | 4 | 0 |
| Крушево | 2 | 2 | 0 |
| Куманово | 67 | 57 | 10 |
| Македонска Каменица | 2 | 2 | 0 |
| Македонски Брод | 2 | 2 | 0 |
| Неготино | 13 | 11 | 2 |
| Охрид | 50 | 35 | 15 |
| Пехчево | 3 | 3 | 0 |
| Прилеп | 52 | 47 | 5 |
| Пробиштип | 6 | 4 | 2 |
| Радовиш | 13 | 12 | 1 |
| Ресен | 11 | 10 | 1 |
| Свети Николе | 6 | 5 | 1 |
| Скопје | 360 | 271 | 89 |
| Струга | 41 | 30 | 11 |
| Струмица | 56 | 46 | 10 |
| Тетово | 97 | 78 | 19 |
| Штип | 39 | 28 | 11 |
| ВКУПНО | 1188 | 942 | 246 |

Извор: Стоматолошка комора на Македонија

Најголем број од специјалистичките ординации во стоматолошката здравствена дејност се наоѓаат во Скопје (89), од кои, 39 специјалистички ординации по стоматолошка протетика, 34 од ортодонција и 16 ординации по специјалноста орална хирургија. Тетово со 19 специјалистички ординации е на второ место. Во Гостивар во 2025 бројот на специјалистички ординации е доста зголемен и има 18 специјалистички ординации, за разлика од 2023 година кога имало 11. Во Охрид за 2 години, од 2023 до 2025, бројот на специјалистички ординации е тројно зголемен. Во 2023 имало 5 ординации а во 2025 се регистрирани 15 специјалистички ординации, од кои, 5 по стоматолошка протетика и 6 од специјалноста орална хирургија. Во Битола во 2025 постојат 14 специјалистички ординации, а во 2023 имало 11.

Иако вкупниот број на ординации споредбено со 2023 година во 2025 се намалува, бројот на специјалистички ординации е доста зголемен во однос на 2023 година.

За разлика од 2023 година кога на ниво на Република С. Македонија најмногу специјалистички ординации и тоа 84 биле регистрирани по специјалноста ортодонција, 74 од специјалноста стоматолошка протетика и 34 по орална хирургија, во 2025 бројот е зголемен, и тоа 97 по специјалноста ортодонција, 82 од стоматолошка протетика. Бројот на специјалистички ординации од орална хирургија за 2 години е речиси двојно зголемен, од 37 во 2023 година на 65 специјалистички ординации во 2025. (Табела 2).

**Табела 2. Стоматолошки специјалистички ординации на ниво на Република С. Македонија во 2025**

| СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТОМАТОЛОШКИ ОРДИНАЦИИ НА НИВО НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА (ПЗУ) -АПРИЛ 2025 - ФЗОРСМ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Градови** | **Стоматолошка протетика** | **Ортодонција** | **Орална хирургија** | **Максилофацијална хирургија** | **Вкупно** |
| Берово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Битола | 5 | 5 | 3 | 1 | 14 |
| Богданци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Валандово | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Велес | 3 | 3 | 2 | 0 | 8 |
| Виница | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Гевгелија | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| Гостивар | 5 | 4 | 8 | 1 | 18 |
| Дебар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Делчево | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| Демир Капија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Демир Хисар | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Дојран | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Кавадарци | 2 | 4 | 4 | 0 | 10 |
| Кичево | 2 | 2 | 2 | 0 | 6 |
| Кочани | 1 | 2 | 1 | 0 | 4 |
| Кратово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Крива Паланка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Крушево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Куманово | 1 | 6 | 3 | 0 | 10 |
| Македонска Каменица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Македонски Брод | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Неготино | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| Охрид | 5 | 4 | 6 | 0 | 15 |
| Пехчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Прилеп | 2 | 3 | 0 | 0 | 5 |
| Пробиштип | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| Радовиш | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Ресен | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Свети Николе | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Скопје | 39 | 34 | 16 | 0 | 89 |
| Струга | 4 | 3 | 4 | 0 | 11 |
| Струмица | 2 | 5 | 3 | 0 | 10 |
| Тетово | 4 | 7 | 8 | 0 | 19 |
| Штип | 2 | 7 | 2 | 0 | 11 |
| ВКУПНО | 82 | 97 | 65 | 2 | 246 |

Извор: Стоматолошка комора на Македонија

# 3. ОБЕЗБЕДЕНОСТ СО СТОМАТОЛОШКИ КАДАР СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО 2025 ГОДИНА

Според податоците на Стоматолошката комора на Македонија во стоматолошката здравствена заштита во Република С. Македонија во 2025 година работат вкупно **2867** доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина, од кои **2272** (2024, 2423) општи доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина, **592** (2024, 623) специјалисти и **3** супспецијалисти.

Според процентуалната застапеност, 79% се општи доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина, а 21% се специјалисти. (Дијаграм 1)

**Дијаграм 1. Доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина, специјалисти и супспецијалисти во стоматолошката здравствена дејност во Република С. Македонија, 2025**




Извор: Стоматолошка комора на Македонија

Просекот за 2021 година врз основа на 4 земји, Норвешка, Италија, Исланд и Обединето Кралство, според OECD (Organisation for Economic Co-operation and Development) бил 0,78 стоматолози на 1.000 луѓе. Највисоката вредност има во Норвешка: 0.93 стоматолози на 1.000 жители, а најниската вредност има во Обединетото Кралство: 0,51 стоматолози на 1.000 жители.

Во Република С. Македонија во 2025 година има 1,57 стоматолози на 1000 жители ( доктори по дентална медицина и специјалисти).

Бројот на стоматолози на 10.000 жители во Република С. Македонија според WHO (World Health Organization) е даден во Табела 3, каде се забележува дека во период од 1990 до 2022 година бројот на стоматолози на 10.000 жители во Република С. Македонија континуирано се зголемува, и тоа, од 5,39 стоматолози на 10.000 жители во 1990, до 9,24 стоматолози на 10.000 жители во 2022 година. Бројот на стоматолози во тој интервал е зголемен за 3.85.

**Табела 3. Број на доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина на 10.000 жители во Република С. Македонија од 1990 до 2022 – СЗО**

| WHO (World Health Organization) - Број на доктори по стоматологија на 10.000 жители | | |
|---|---|---|
| Држава | година | Стоматолози на 10000 жители |
| Република С. МАКЕДОНИЈА | 2022 | 9.24 |
| | 2020 | 8.77 |
| | 2019 | 9.47 |
| | 2018 | 9.69 |
| | 2017 | 9.33 |
| | 2016 | 9.21 |
| | 2015 | 9.21 |
| | 2014 | 8.82 |
| | 2013 | 8.47 |
| | 2012 | 8.15 |
| | 2011 | 7.95 |
| | 2010 | 7.79 |
| | 2009 | 6.92 |
| | 2008 | 6.67 |
| | 2007 | 6.29 |
| | 2006 | 5.62 |
| | 2005 | 6.58 |
| | 2004 | 5.44 |
| | 2003 | 5.44 |
| | 2002 | 5.7 |
| | 2001 | 5.45 |
| | 2000 | 5.49 |
| | 1999 | 5.51 |
| | 1998 | 5.61 |
| | 1997 | 5.38 |
| | 1996 | 5.36 |
| | 1995 | 5.43 |
| | 1994 | 5.46 |
| | 1993 | 5.37 |
| | 1992 | 5.3 |
| | 1991 | 5.44 |
| | 1990 | 5.39 |

Извор: https://www.who.int/data/gho/data/indicators/indicator-details/gho/dentists-(per-10-000-population)

Во државите од регионот бројот на доктори по стоматологија на 10.000 жители е различен.

Во Босна и Херцеговина бројот на доктори по стоматологија на 10.000 жители се движи од 3.17 до 2.58 во интервал од 1990 до 2019. За разлика од Република С. Македонија каде што бројот на стоматолози на 10.000 жители е доста поголем и континуирано се зголемува, во Босна и Херцеговина е помал и континуирано се намалува. Прилог 1.

Уште по изразена состојбата на намалување на број на доктори по стоматологија/дентална медицина на 10.000 жители се забележува во Црна Гора, каде што во период од 2005 до 2023 постои континуирано намалување од 4.31 доктори по стоматологија на 10.000 во 2005 до 0.6 доктори по стоматологија на 10.000 во 2023 година. Прилог 2.

Во интервал од 2003 до 2022 бројот на доктори по стоматологија на 10.000 жители во Србија исто така се намалува, од 4.63 доктори по стоматологија на 10.000 жители во 2003 до 2.47 во 2022 година. Прилог 3.

Во Хрватска слично како во Република С. Македонија бројот на доктори по стоматологија на 10.000 жители континуирано се зголемува и тоа од 4.68 во 1993 до 9.46 доктори по стоматологија на 10.000 жители во 2022 година. Прилог 4.

Бројот на стоматолози на 10.000 жители во Словенија во интервал од 1990 до 2022 минимално е зголемен и тоа од 5.64 во 1990 до 7.43 доктори по стоматологија на 10.000 жители во 2022 година. Прилог 5.

Грција и Бугарија имаат многу поголем број на доктори по стоматологија на 10.000 жители споредено со Република С. Македонија.

Бројот на доктори по стоматологија на 10.000 жители во Грција во 1990 изнесувал 9.79 а до 2022 бројот на доктори се зголемува за 3.56 и изнесува 13.35 доктори по стоматологија на 10.000 жители.Прилог 6.

Во Бугарија бројот на доктори по стоматологија на 10.000 жители во интервал од 1990 до 2022 е зголемен за 4.31 доктори. Прилог 7.

Бројот на доктори по стоматологија на 10.000 жители во Обединето Кралство и Северна Ирска од 1997 до 2023 со мали осцилации е речиси ист и изнесува 4.48 доктори по стоматологија на 10.000 жители во 1997 и 4.93 во 2023 година. Прилог 8.

Во Норвешка споредено со Обединето Кралство и Северна Ирска е регистриран поголем број на доктори по стоматологија на 10.000 жители, но и таму овој број од 1990 до 2023 е речиси ист, односно, во 1990 Норвешка има 8.21 доктори по стоматологија на 10.000 жители, во 2023 тој број изнесува 8.79. Прилог 9.

Специфично за Италија е што бројот на доктори по стоматологија на 10.000 жители од 1990 до 2022 е зголемен за 6.46 доктори. Прилог 10.

Бројот на доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина во 2024 година во споредба со 2023 е намален за 139, а бројот на доктори специјалисти намален за 23.

Во 2025 бројот на доктори по стоматологија / доктори по дентална медицина е намален за 151 споредбено со 2024, а во однос на 2023 овој број е намален за 290.

Бројот на доктори специјалисти во 2025 е намален за 31 спореденo со 2024, а 54 доктори специјалисти има помалку во 2025 во однос на 2023 година. (Дијаграм 2).

**Дијаграм 2. Доктори по стоматологија / доктори по дентална медицина, специјалисти во стоматолошката здравствена дејност во Република С. Македонија, 2020- 2025**




Извор: Стоматолошка комора на Македонија

Распределбата на кадрите по градови во 2025 година е без значајни промени во однос на состојбата со претходните години. Имено, од вкупниот број стоматолози/доктори по дентална медицина во стоматолошката здравствена дејност на ниво на Републока С. Македонија во 2025 најмногу се лоцирани во Скопје (1088), Тетово е на второ место со 245 доктори по стоматологија /доктори по дентална медицина, Куманово на трето место со 169. Потоа се: Битола, 153, Гостивар, 146, Струмица, 119, Охрид,110, Прилеп, 105.

Со најмал број на доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина на ниво на Република С. Македонија во 2025 година се Дојран и Македонска Каменица со по 2 доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина и Демир Капија и Пробиштип со по 3 доктори.

Анализата на распределбата на кадрите по години покажува континуирано намалување на бројот на доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина во стоматолошката здравствена дејност во 2025 споредено со 2024, 2023 и 2022 во повеќето градови на ниво на Република С. Македонија.

Бројот на доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина во Скопје кој во 2025 изнесува 1088 е намален за 62 споредено со 2024 (2024,1150), за 128 во однос на 2023 (2023, 1216) и за 81 стоматолог споредено со 2022, (2022,1169).

Од нив, во 2025, 763 се доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина и 322 специјалисти.

Во 2024 биле 819 доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина и 331 специјалисти, а во 2023 година биле 872 доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина и 344 се специјалисти, од кои 3 субспецијалисти (2 - орална имплантологија и 1 - реконструктивна вилично-лицева протетика).

Овој број во 2025 споредено со 2024, е исто така значително намален во Битола (2024-187, 2025-153), Прилеп (2024-124, 2025-105), и Струмица (2024-131, 2025-119).

Во Битола за три години, од 2022 до 2025 бројот на доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина е намален за 53, (206-2022 , 153-2025).(Табела 4, Дијаграм 3).

**Табела 4. Доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина и специјалисти во стоматолошката здравствена дејност во Република С. Македонија, по градови – 2025**

| ГРАДОВИ | ВКУПНО | ДОКТОРИ ПО СТОМАТОЛОГИЈА/ ДОКТОРИ ПО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА | СПЕЦИЈАЛИСТИ |
|---|---|---|---|
| БЕРОВО | 15 | 15 | 0 |
| БИТОЛА | 153 | 127 | 26 |
| БОГДАНЦИ | 14 | 14 | 0 |
| ВАЛАНДОВО | 13 | 12 | 1 |
| ВЕЛЕС | 69 | 57 | 12 |
| ВИНИЦА | 21 | 19 | 2 |
| ГЕВГЕЛИЈА | 59 | 54 | 5 |
| ГОСТИВАР | 146 | 116 | 30 |
| ДЕБАР | 30 | 27 | 3 |
| ДЕЛЧЕВО | 27 | 23 | 4 |
| ДЕМИР КАПИЈА | 3 | 3 | 0 |
| ДЕМИР ХИСАР | 6 | 4 | 2 |
| ДОЈРАН | 2 | 2 | 0 |
| КАВАДАРЦИ | 61 | 48 | 13 |
| КИЧЕВО | 69 | 61 | 8 |
| КОЧАНИ | 54 | 48 | 6 |

| ГРАДОВИ | ВКУПНО | ДОКТОРИ ПО СТОМАТОЛОГИЈА/ ДОКТОРИ ПО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА | СПЕЦИЈАЛИСТИ |
|---|---|---|---|
| КРАТОВО | 7 | 5 | 2 |
| КРИВА ПАЛАНКА | 10 | 9 | 1 |
| КРУШЕВО | 8 | 7 | 1 |
| КУМАНОВО | 169 | 153 | 16 |
| МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА | 2 | 2 | 0 |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | 5 | 5 | 0 |
| НЕГОТИНО | 20 | 16 | 4 |
| ОХРИД | 110 | 92 | 18 |
| ПЕХЧЕВО | 5 | 2 | 3 |
| ПРИЛЕП | 105 | 89 | 16 |
| ПРОБИШТИП | 3 | 0 | 3 |
| РАДОВИШ | 33 | 31 | 2 |
| РЕСЕН | 23 | 19 | 4 |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 14 | 12 | 2 |
| СКОПЈЕ | 1088 | 763 | 322 |
| СТРУГА | 80 | 66 | 14 |
| СТРУМИЦА | 119 | 103 | 16 |
| ТЕТОВО | 245 | 209 | 36 |
| ШТИП | 79 | 59 | 20 |
| ВКУПНО | 2867 | 2272 | 595 |

Извор: Стоматолошка комора на Македонија

**Дијаграм 3. Вкупен број на доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина во стоматолошката здравствена дејност во Република С. Македонија по градови, 2022- 2025**



Извор: Стоматолошка комора на Р.С.Македонија

Специјалистичките студии од областа на стоматологијата се реализираат на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар “Свети Пантелејмон” и Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за медицински науки.

Во 2025 година специјалистички студии на ниво на Република С. Македонија посетуваат 216 доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина од кои 171 специјализираат на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон". Од нив најмногу активни специјализации има од областа на оралната хирургија – 53. Ортодонција со 46 активни специјализации е на второ место. Следни се специјалистичките студии: по стоматолошка протетика со 26 активни специјализации, детска и превентивна стоматологија со 20, пародонтологија – 14, ендодонција и реставративна стоматологија – 6, максилофацијална хирургија – 5 и орална медицина со една активна специјализација.

На Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, Факултет за медицински науки има 45 активни специјализации, од кои, и овде најголема заинтересираност постои за орална хирургија со 20 активни специјализации, потоа се ендодонција и реставративна стоматологија со 11 активни специјализации, стоматолошка протетика и ортодонција со по 7 активни специјализации.

Според бројот на стоматолози/доктори по дентална медицина во 2025 година кои се на специјализација, најмногу се од Скопје – 99, потоа Тетово со 20, Гостивар со 16 и Куманово со 10 активни специјализации. Некои градови (6) немаат испратено стоматолози/доктори по дентална медицина на специјализација: М. Брод, Валандово, Делчево, Демир Хисар и др. (Табела 5а и Табела 5б).

**Табела 5а. Доктори по стоматологија/доктори по дентална медицина на специјализација во Република С. Македонија - 2025 година, Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон"**

| ГРАД | НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА | ВИД НА СПЕЦИЈАЛНОСТ |
|---|---|---|
| Берово | 0 | |
| Битола | 8 | 1.Орална хирургија-2<br>2.Детска и превентивна стоматологија<br>3.Ортодонција<br>4.Пародонтологија<br>5.Максилофацијална хирургија -2<br>6.Стоматолошка протетика |
| Богданци | 2 | 1.Ортодонција<br>2.Стоматолошка протетика |
| Брод | 0 | |
| Валандово | 0 | |
| Велес | 1 | 1.Стоматолошка протетика |
| Виница | 1 | 1.Орална хирургија |
| Гевгелија | 4 | 1.Ортодонција -2<br>2.Орална хирургија-2 |
| Гостивар | 14 | 1.Орална хирургија-7<br>2.Детска и превентивна стоматологија<br>4.Пародонтологија<br>5.Ортодонција-4<br>6. Ендодонција и реставративна стомат |
| Дебар | 2 | 1.Орална хирургија<br>2. Детска и превентивна стоматологија |

| | | |
|---|---|---|
| Делчево | 0 | |
| Демир Капија | 1 | 1.Орална хирургија |
| Демир Хисар | 0 | |
| Кавадарци | 3 | 1.Ортодонција-2<br>2.Орална хирургија |
| Кичево | 3 | 1.Ортодонција<br>2.Орална хирургија<br>3. Детска и превентивна стоматологија |
| Кочани | 0 | |
| Кратово | 0 | |
| Крива Паланка | 2 | 1.Ортодонција<br>2. Детска и превентивна стоматологија |
| Крушево | 0 | |
| Куманово | 10 | 1.Стоматолошка протетика<br>2.Орална хирургија-6<br>3.Ортодонција<br>4. Детска и превентивна стоматологија-2 |
| Неготино | 3 | 1.Стоматолошка протетика<br>2.Ортодонција<br>3.Детска и превентивна стоматологија |
| Охрид | 4 | 1.Орална хирургија<br>2.Ортодонција-3 |
| Прилеп | 5 | 1.Ортодонција<br>2.Стоматолошка протетика-2<br>3.Пародонтологија -2 |
| Пробиштип | 0 | |
| Радовиш | 0 | |
| Ресен | 1 | 1. Детска и превентивна стоматологија |
| Свети Николе | 1 | 1.Орална хирургија |
